**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-СКРИПТА СО НАСЛОВ „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р КИРИЛ БАРБАРЕЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2102-100/38 од 54. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 20.3.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Лена Дамоска, Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за е-скрипта „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“ од авторот доц. д-р Кирил Барбареев наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Е-скриптата „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“ од авторот доц. д-р Кирил Барбареев  е наменета за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки за реализација на наставата од наставните предмети Методика на развој на култура на говор 1 и Методика на развој и култура на говор 2, на насоката Предучилишно воспитување, предмети кои се слушаат во петти и шести семестар со неделен фонд на часови 2+2+1. Ракописот за е-скрипта е во согласност со наставната програма и се однесува на наставната материја за студиската програма Предучилишно воспитување. Може да се користи и од страна на студентите од Одделот за одделенска настава на Факулетот за образовни науки, но и на другите факултети кои едуцираат наставнички кадар за предучилишно воспитување и одделенска настава. Изложените содржини соодветствуваат на предметната програма и ќе претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот.

**Податоци за обемот ракописот**

Ракописот е во обем од 205 страници, структуриран во два дела и библиографија, обработени на едноставен, јасен, концизен начин. Истиот ќе им овозможи на идните негови консументи (студенти, воспитувачи, професионалци) усвојување на  методската теорија како ориентација и раководство за самостојна и творечка воспитно-образовна работа во развитокот, култивирањето и негувањето на говорот и комуникацијата кај децата од предучилишна возраст; ќе им овозможи запознавање со современите настојувања на науката насочени кон иновирање на воспитно-образовната практика; ќе ги оспособи за перманентно следење на лингвистичките постигнувања и постигнувањата на науката за литературата и умешност за нивно дидактичко-методско трансформирање во воспитно-образовната практика и култура на говорот.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12. Истиот содржи бројни графички решенија и е подготвен согласно со пропишаната наставна програма и барањата кои им се поставуваат

на студентите во рамки на наставните предмети: Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 1 и Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 2, на студиската програма за предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки.

Содржината на трудот претставува јасна мисловно-логична целина, базирана на принципот на системност и постапност.

Сознанијата изнесени во трудот се систематизирани, логички поврзани, прегледни и ја потврдуваат методичко-дидактичката ориентација на авторот.

Во професионалниот, педагошкиот и методски развој го избрал пристапот на системност и постапност на презентирање на оваа материја. Имено, редоследот на темите обезбедува систематско усвојување на знаења од страна на студентите.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо.

Истиот има за цел да им овозможи на студентите, наставниците, стекнување на. методички знаења, стекнување на компетенции кои треба да ги поседува еден современ учител, воспитувач кој се залага за постигнување на квалитетна едукација, поучување, учење.

Трудот ги апстрахира, апострофира и коментира современите теориски, но и практични сознанија за методиката по развој и култура на говорот.

Трудот ги исполнува дидактичко-методичките основи потребни за комуникација со студентите.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Понудата на литература од областа на методиката на воспитно-образовна работа по развој и култура на говорот е доста оскудна, скромна и сметаме дека понудените содржини поткрепени со релевантни сознанија, со научна литература од конкретната област, елаборирањето на најзначајните и практични прашања, систематизираноста и логичната поврзаност, прегледноста во нивното презентирање ќе го привлечат вниманието на стручната и научната јавност за ова доста значајно подрачје, за оваа е-скрипта.

**Краток опис на содржината**

Структурата на трудот е поделена во два дела, прв кој содржи две тематски целини и втор дел кој се надоврзува на првиот дел, негово продолжение и содржи шест тематски целини и библиографија. Во првиот дел од трудот се поставени две тематски целини и тоа: првата насловена како „Природата на методиката" - во која авторот на доста едноставен и концизен начин го идентификува поимот методика, правејќи јасна дистинкција помеѓу метод, методика, методско, методичко; ја определува структурата на методиката, нејзината генеза, односите и поврзаноста со другите научни дисциплини, идентификува особини на методиката - применливост, практичност, нормативност, политичност; поставеноста на методиката по развој и култура на говорот како посебна научна и наставна дисциплина; истражувачките подрачја на методиката кои претставуваат предизвик за идните истражувачи во оваа дисциплина.

Во втората тематската целина „Детето, воспитувачот и говорот" се апсолвирани прашањата кои се однесуваат на воспитно-образовната улога на говорот како средство за лично изразување, средство за меѓучовечко општење, средство за социјализација, интеракција, меѓусебна комуникација; соодносот јазик и култура - идентификацијата на човечкиот јазик како биокултурна појава; поврзаноста на мислењето и говорот, јазикот и комуникацијата како паралелни, проткаени појави на човечкиот дух, појави кои меѓусебно си влијаат, заемно проникнуваат и се проткајуваат еден со друг; идентификувани се основните елементи на говорот, т.е. гласот, зборот и реченицата, основата на јазичното ниво, посебно важни во развојот на говорот; компонентите на говорот: гласовните супрасегменти (звучност, безвучност, јачина, висина, боја на регистар на гласот, опсег на гласот), дикцијата, интонацијата и говорот на телото како база за добар говор; идентификувани се особините на добриот говор како: осмисленост, логичност, правилност, живост, гласност, јасност, течност, точност, разбирливост, препознатливост и умешност за убаво изразување; развојот на говорот како континуиран процес во кој се развиваат и формираат фонетско-фонолошките, лексичко синтаксичките нивоа и се усвојуваат правилата на комуникација,

развој кој поминува низ неколку периоди: предговорен период, говорен период (говор во текот на втора, трета, четврта и петта година); одредени се факторите: внатрешни (здравје, слух, вид, интелигенција, пол леворакост, десноракост) и надворешни - семејна средина, детски јасли, училиште, средства за комуникација, билингвизам кои влијаат на говорот; улогата на воспитувачот во развојот на говорот со посебен акцент на неговата партнерска во говорната комуникација, пример на добро говорење, поттикнувач на детската говорна активност.

Во вториот дел на книгата се обработени неколку тематски целини.

Идентификацијата на поимите учење, видови на учење, воспитание, образование; одредувањето на предметот на методиката по развој и култура на говорот; одредувањето на целта на методиката по култура на говор: одредувањето на програмските области (негување и развој на гласовната страна на говорот, збогатување на речникот и правилниот говор, негување на поврзаното изразување, култивирањето на граматички правилен говор, негувањето на изразните својства на говорот, медиумите, јазичното говорно творештво, разработката на уметничките и драмски текстови); целта и конкретизацијата на задачите на воспитно-образовното подрачје (домен) јазик, комуникација и творештво; конкретните програмски содржини од овој домен во кои задолжително треба да се предвид и работата на основните елементи на говорот; принципите: формите на работа, планирањето и видовите на планирање на воспитно-образовната работа по култура на говорот, се експлицитно елаборирани во првата тематска целина од вториот дел. Посебно внимание во оваа тематска целина авторот посветува на моделот на писмена дневна подготовка, како и примери на краткорочен тематски план, како насока, водилка за идните практичари за работа во ова подрачје.

Втората тематска целина „Методи на работа“ нуди преглед и елаборација на најчесто применуваните методи во ова подрачје. Истакнати се значењето, суштинските карактеристики на методот на игра, методот на разговор, методот на опишување, методот на демонстрација и илустрација, асоцијативно-компаративниот метод во раното учење во доменот јазик, комуникација и развој на писменост.

Во третата тематска целина насловена како „Развитокот на гласовната страна на говорот“ авторот ги елаборира прашањата на артикулацијата т.е. јасниот и точен изговор на гласовите, слоговите и зборовите, етапите низ кои поминува развитокот на артикулацијата; нарушувањата, отстапувањата од говорната артикулациска норма кои го отежнуваат и попречуваат процесот на нормалното разбирање, за чиешто елиминирање е значајно организираното воспитно-образовно влинајие; дискриминацијата, разликувањето и раздвојувањето на формата и значењата на сите нивоа: гласовна, морфолошка, синтаксичка како основа за добриот говор, вежбите за дискриминација на гласови, зборови, реченици. Понудени се и инструменти за артикулација, дискриминација, т.е. тестови со упатства и водилки за нивно применување.

Збогатувањето на речникот кај предучилишните деца и неговото значење за сестраниот развиток на детската личност, за унапредување на нивниот интелектуален, морален, емоционалниот развој е предмет на елаборацијаа на четвртата тематска целина. Во неа авторот посебно внимание посветува на методските постапки за изведување на вежби кои ќе водат кон збогатување на детскиот речник.

Развитокот на речникот лингвистички, психолошки и педагошки, кој е во тесна интеракција со развитокот на фонолошкото, синтаксичкото и друго рамниште на говорот кај децата, различните начини на збогатување на детскиот речник, различните начини на поврзување на значењата на зборовите; специфичностите во развитокот на речникот во зависност од возраста на децата, начинот на усвојување на одделните видови на зборови, именки, заменки, придавки, броеви, глаголи, се предмет на елаборација на петтата тематска целина од вториот дел. И во оваа тематска целина авторот нуди тест за испитување на говорната развиеност на децата.

Претходните два и овој инструмент говорат за сериозниот пристап на авторот кон проблематиката развој и култура на говорот, неговото богато методско и методолошко искуство во ова подрачје.

Во шестата тематска целина „Разработка на уметнички текстови“ цел е воведување на децата, студентите, учителите во идејните и естетските вредности на уметничката и народна литература за предучилишна возраст, поттикнување на интересот за книгата, покрај елаборацијата на методските упатства за разработка на одделните видови текстови - сликовница, сказна, лирска поезија, приказни за животни и басни, авторот говори и за подготовката што треба да ја направи учителот (воспитувачот) т.е. подготвеност за идејно-уметничката анализа на творбата, но и подготвеност за методско конципирање, моделирање на процесот. Посебно внимание е посветено на драматизацијата како форма која ќе му овозможи на детето од предучилишна возраст преку играње на улоги не само посестрано и посуптилно доживување на литературната творба, но и богатење на речникот, негување на изразното говорење, сценските изведби, театарот на сенки, театарот со кукли и начините на кои истите можат да се применат во насока на јакнење на детските говорни, комуникациски можности.

Клучните вредности за рано учење и развој во рамки на доменот јазик, комуникација и развој на писменост, нивната конкретизација преку субдомени и конкретни стандарди во секој домен се презентирани во последната тематска целина.

Користената литература има обем од 31 библиографска единица распоредени согласно со АПА стилот на референцирање.

Во визуелниот дел е поставен богат визуелен материјал, дидактички илустрации во согласност со елаборацијата на конкретните прашања.

## ЗАКЛУЧОК

Од прегледот и критичкиот осврт кон ракописот **„Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“** од авторот **д-р Кирил Барбареев** може да се заклучи дека станува збор за труд со стручна и научна вредност, дидактички обликуван за возрасна популација која се оспособува за професијата учител, наставник, воспитувач, труд кој е резултат на едно долгогодишно искуство на авторот во елаборирање на проблематика развој и култура на говорот од методички аспект.

Врз основа на изнесеното имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме ракописот со наслов **„Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“** од авторот **д-р Кирил Барбареев** да ја **објави** и **издаде оваа е-скрипта** за предметните програми Методика на воспитно-обарзованта работа по култура на говорот 1 и Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 2 на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лена Дамоска, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**